ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 05-1061/13
05. 12. 20 25 год.
ПРИЛЕП

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

со планирани инвестиции за 2026година

Прилеп

Декември, 2025 год.

Директор

Бранко Нешкоски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. Прилепски бранители бр. 1
7500 Прилеп
Тел. 048/401-725

ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈП за ПУП – Прилеп за 2026 година

Согласно Законот за Јавни Претпријатија изготвен е Финансиски план за 2026 година при што како појдовна основа земени се остварените финансиски показатели за период од **01.01 - 30.11.2025** година со проценка на реализацијата за декември 2025 година и со користење на метода на искуствена проценка за одредени позиции.

Обемот на приходите и расходите како и структурата на истите се презентирани во табеларните прегледи кои се составен дел на овој финансиски план. Пресметката на процентот на учество на приходот или расходот е направена во сооднос со групата на приходи или расходи во кој истиот припаѓа.

Приходи

	ОПИС	2024		2025		2026	
		Износ (во денари)	Учество (во %)	Износ (во денари)	Учество (во %)	Износ (во денари)	Учество (во %)
1	Приходи од архитектонска дејност	11,635,080	19.08	6,472,568	10.25	9,000,000	12.02
2	Приход од останати стручни и технички дејности (надзор)	3,331,039	5.46	2,877,916	4.56	0	0.00
3	Приходи од пајак и блокатори	636,696	1.04	804,981	1.27	1,368,468	1.83
4	Приходи од паркинг услуги - по фактура	242,969	0.40	545,080	0.86	817,620	1.09
5	Приходи од паркинг услуги - по фискална и грепки	1,573,147	2.58	1,768,971	2.80	3,007,251	4.01
6	Приходи од паркинг услуги - смс пораки	6,658,739	10.92	7,060,751	11.18	12,003,277	16.03
7	Провизија од смс од паркинг	1,130,923	1.85	1,284,638	2.03	2,183,885	2.92
8	Приходи од автобуси - по фактури	21,585,866	35.40	21,771,333	34.48	23,948,466	31.97
9	Приходи од автобуси - по фискална	3,503,763	5.75	5,018,427	7.95	5,520,270	7.37
10	Приходи од продажба на картички	19,942	0.03	158,818	0.25	190,582	0.25
11	Прих.од поврзани друштва (од гориво за автобуси)	6,000,000	9.84	4,407,109	6.98	4,800,000	6.41
12	Приходи од наемнини и рекламен простор на автобуси	871,185	1.43	599,999	0.95	719,999	0.96

13	Приходи од наплатени казни и приходи од др.основи	232,998	0.38	323,590	0.51	355,949	0.48
14	Приходи од донации-амортизац.воз,автобус..	966,395	1.58	1,260,753	2.00	1,386,828	1.85
15	Приходи од отпис на обврски	12,240	0.02	0	0.00	0	0.00
16	Приходи од камати	0	0.00	0	0.00	0	0.00
17	Приходи од субвенции - општина Прилеп(плати за вработени)	0	0.00	0	0.00	0	0.00
18	Приходи од капитални субвенции за набавка на автобуси	0	0.00	0	0.00	0	0.00
19	Приходи од субвенции - општина Прилеп(бесплатен превоз на пензионирани лица со минимална пензија)	2,275,000.00	3.73	8,792,891	13.92	9,600,000	12.82
20	Приходи од туристички воз	297,570.00	0.49	0	0.00		
20	**Вкупно приходи**	**60,973,552**	**100**	**63,147,825**	**100**	**74,902,593**	**100**

Од прикажаното во табелата можи да се констатира следното:

Приходите кои се однесуваат на одделението за проектирање, урбанистичко планирање се содржани во точките 1 и 2. Нивното учество во 2025 година е 14,81% во вкупните приходи. Во 2026 година се очекува истите да учествуваат во вкупните приходи со 12,02%.

Приходите од одделението за проектирање, урбанистичко планирање се состојат од:

ОПИС	2024		2025		2026	
	Износ	**Учество**	**Износ**	**Учество**	**Износ**	**Учество**
	(во денари)	**(во %)**	**(во денари)**	**(во %)**	**(во денари)**	**(во %)**
Приходи од архитектонска дејност	11,635,080	77.74	6,472,568	69.22	9,000,000	100.00
Приход од останати стручни и технички дејности (надзор и ревизија)	3,331,039	22.26	2,877,916	30.78	0	0.00
Вкупно	14,966,119	100.00	9,350,484	100.00	9,000,000	100.00

Приходите од одделението за проектирање, урбанистичко планирање во 2026 година се очекува да изнесуваат 9,000,000 денари и истите се состојат од следните активности:

Поради фактот што претпријатието веќе има дефинирани дејности, некои од генералните оперативни дејства неминовно се повторуваат од година во година со минимални измени и дополнувања, плански дооформувања, надоградување и проширување.

- **<u>УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ</u>**

1. Урбанистички проект за инфраструктура – кружни текови на вкрстување на булевар“Гоце Делчев” и улица “Леце Котески” (нова автобуска) и кружен тек на вкрстување на булевар Гоце Делчев со ул.Војводинска 1,4ха
2. Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба (речно корито на градска река)
3. Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба (дабнички канал по должина на ул. Бранко Секулоски) превземен проект од минатa година 1,6ха
4. Урбанистички проект за инфраструктура за кружен тек на вкрстување на улица „ Александар Македонски” и улица “Цар Самоил” (Чумовчани) 0,39ха
5. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за забавен и тематски парк со градби и опрема со намена В 3.10 во Старо Лагово (адреналински парк) превземен проект од минатa година 10ха
6. Урбанистички проект за инфраструктура (електрика) во Стара Чаршија
7. Урбанистички проект за поставување на монтажна катна гаража (предлог локација од ЕЛС Прилеп) предлог на паркинг во близина на кружен тек ..Карпалак.. (пред футура и кам маркет) превземен проект од минатата година
8. Урбанистички проект за инфраструктура за новопроектирана улица населба КОЗЛЕ (од ул. Прилепски бранители до нова градинка во населба ТоЧила)
9. Урбанистички проект за инфраструктура за обиколница вон опфат околу градски гробишта – дел и плато пред гробишта
10. Урбанистички проект вон опфат за линиска инфраструктура - доводен кабел за струја од бензинска пумпа Мак петрол до ф ка за отпад – Алинци

11. Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање и разработка на градежна парцела со намена Г4.2 – Отворени и полузатворени отпади, специјализирани отпади, КО Прилеп, општина Прилеп, превземен проект одината година

12. Урбанистички проект за линиска инфраструктура – поставување на инсталации за струја и вода од бунар до цистерна за вода во ф-ка за отпад во Алинци

13. Урбанистички проект за обиколница запад

14. Урбанистички проект за инфраструктура дел од улица Ср10, КО Прилеп Општина Прилеп, согласно ГУП (во дол=ина од 640м) превземен проект одината година

- **<u>ОСНОВНИ ПРОЕКТИ</u>**

1. Основен проект за реконструкција на кејски потпорни ѕидови и уредување на речно корито по фази ((речно корито на градска река по цела должина на градежен опфат)

2. Основен проект за реконструкција на јавна пешачка површина за пристап на интервентни возила на дел од кп 13939 кп 13940/1 КО Прилеп О Прилеп)

3. Основен проект за изградба згради за претшколско образование и грижа, јасли и градинки, КО Прилеп, Општина Прилеп, превземен проект одината година

4. Основен проект за изградба на отворено спортско игралиште на Могила на непобедените

5. Основен проект за изградба на потпорен ѕид на отворено спортско игралиште на Могила на непобедените

6. Основни проекти за реконструкција на кејски потпорни ѕидови и уредување на кеј на Дабнички канал по должината на ул. ..Бранко Секулоски..

7. Основен проект за реконструкција на кров на објектот на Матично (кп 18664 КО Прилеп)

8. Дополнување на основен проект за измени во тек на градба за деловни простории во приземјето на подтрибински простор од Градски стадион „Гоце Делчев“- Прилеп (со вклучена ревизија)

9. Основен проект за реконструкција на партер и инфраструктура на старата градска чаршија во Прилеп

10. Основен проект за инфраструктура (електрика) во Стара Чаршија

11. Основен проект за изградба на Собирен центар за селекција на кабаст и органски отпад (во рамките на парцела на ЈКП Комуналец)

12. Основен проект за изградба на катна гаража (во непосредна близина на кружен тек Карпалак)

13. Основен проект за адреналински парк – Старо Лагово (фазна градба)

14. Реконструкција на пешачки патеки на Паркот на револуцијата (Могила)

15. Основни проекти за потпорни ѕидови на територија на О.Прилеп

16. Основни проекти за јавни тоалети

17. Основен проект за инфраструктура дел од улица Ср10, КО Прилеп Општина Прилеп, (во должина од 640м) превземен проект од минатa година

18. Основен проект за изградба на новопроектирана сервисна улица од ДУП за УЕ 8, УБ 8.02, плански опфат 1, општина Прилеп превземен проект од минатa година

19. Основен проект за изградба на краци од станбена ул "Григор Прличев", улица "1" со должина од 150м и улица "2" со должина 80м, со ознака СТ, согласно ДУП за УАЕ 2, УБ 2/2-дел Блок "Б" превземен проект од минатa година

- **ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. ДУП за четврт 5,блок 5.2 Плански опфат 5.2.1, 5.2.10, 5.2.11, 5.2.12 со вкупна П=19,88ха

2. ДУП за четврт 5,блок 5.4 Плански опфат 5.4.1, 5.4.2, 5.4.3, 5.4.10, и 5.4.12 со вкупна П=23,33ха

3. четврт 5,блок 5.6 Плански опфат 5.6.1, 5.6.2, 5.6.3, 5.6.4, 5.6.5, 5.6.6, 5.6.7, и 5.6.8 со вкупна П=23,30ха

4. четврт 3,блок 3.1 и четврт 3 ,Блок 3.12

5. Урбанистички план за село Мало Коњари 119ха

6. Урбанистички план за село Големо Коњари 196ха

7. Довршување на веќе започнати планови (ДУП 7.5 ,ДУП 3.11, ДУП 3.1, и 2.10)

Секој проект или план, посебно ќе биде распореден со одреден рок за изработка на планерите и проектаните во рамките на одделението.

Рок: јануари - декември 2026г.

Очекувани резултати: Урбанизација на одредени делови на градот, предуслов за изработка на основни проекти од кои произлегуваат инвестиции од високоградба, изградба на инфраструктура, поквалитетна средина за живеење.

Буџет: од средства на буџетот на О.Прилеп од програмата за уредување на градежно земиште на подрачјето на О.Прилеп за 2025г – програма F10.

Напомена Динамиката на изработката на проектите и плановите, зависи во голема мера од брзината на спроведувањето на јавните набавки од страна на О.Прилеп (ажурирани геодетски подлоги, геомеханички истражувања, хидролошкии студии) кои се предуслов за изработка на проектите и плановите и од брзината на добивањето на согласности и мислења од релевантните институции (Телеком, ЕВН, Завод и музеј, ИЗИИС и др.) кои се составен и законски дел од содржината на проектите и плановите.

Цените на проектите и плановите и на сите услуги кои ЈП за ПУП ги дава се усогласени со Ценовник одобрен од Советот на О.Прилеп и тарифникот кој е донесен од Комората на овластени инженери и архитекти (Сл. весник на РСМ бр.259/22 од 01.12. 2022год и бр.09-254/11 од 26.01.2023). Бројот на изработени планови и проекти ќе зависи од предвидените средства во буџетот на О.Прилеп од програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на О.Прилеп за 2026год.

Приходите од паркинг услуги во вкупните приходи за 2025 година изнесуваат 10.659.440,00 денари и истите учествуваат во вкупните приходи со 16,87%. Во 2026 година се очекува истите да изнесуваат 18.012.033,00 денари и да учествуваат во вкупните приходи со 24,05%.

Со новонастанатата ситуација каде е затворен платениот паркинг на делот од булевар Гоце Делчев и тоа во делот од крстосница со ул.Браќа Ламески до крстосница со ул.Кузман Јосифоски, како и паркинг просторот на ул.Прилепски бранители, кои се дел од „А“ зона, а кои беа од особено значење за работењето на Одделението за стопанисување со паркинг простор во рамките на ЈП за ПУП-Прилеп. Воедно овие три паркинг локации претставуваа значаен дел во вкупниот промет кој се остваруваше во рамките на Одделението односно на овие три локации се остваруваа околу 50 проценти од вкупниот промет во рамките на одделението, со што се намали обемот на наплатата за користење на паркинг простор.

Со цел да се подобри ефикасноста во работењето на ЈП за ПУП- Прилеп во делот кој стопанисува со паркинг просторот се предвидува да се воведат мерки за подобрување меѓу кои в**оведување на нови простори за паркирање и корекција на тарифниот модел.**

Приходите од паркинг услуги за 2025 година се состојат од:

	ОПИС	**2025**	
		Износ	**Учество**
		(во денари)	**(во %)**
4	Издадени фактури	**545,080**	**5.1**
5	Издадени фискални сметки и грепки	**1,768,971**	**16.6**
6	СМС пораки	**7,060,751**	**66.2**
7	Наплатена провизија од смс пораки	**1,284,638**	**12.1**
	Вкупно	**10,659,440**	**100**

Приходот од пајак и блокатори во 2025 година изнесува 804,981,00 и во наредната година се очекува зголемување на работата на пајакот и блокаторите а со тоа и зголемување на приходот. Во 2025 се оформи служба за поставуваање блокатори на возилата кои не го подмириле надоместокот за паркинг, а паркирале на локациите одредени за платен паркинг.

Очекуваниот приход за оваа служба за 2026 година изнесува 1,368,468 денари.

Приходите од одделението за јавен градски превоз за 2025 година се состојат од:

Опис		**2025**	
		Износ	**Учество**
		(во денари)	**(во %)**
8.9	Приходи од превоз на патници	26,789,760.00	97.25
12	Наемнини и рекламен простор на автобуси	599,999.00	2.18
10	Продадени картички за јавен градски превоз	158,818.00	0.58
	Вкупно приходи	**27,548,577.00**	**100.00**

Приходите од одделението за јавен градски превоз во 2025 година изнесуваат **27.548.577,00** денари и имаат учество во вкупните приходи од 43,63**%**. Во 2026 година се очекува да изнесуваат **30.379.316,00** денари и истите да имаат учество во вкупните приходи од **40,56%**.

ПЛАН ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЗА ПУП ЗА 2026 ГОДИНА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА – ПРИЛЕП

Во согласност со предлог буџетот на општина Прилеп за 2026 година од предвидените средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање наЈавните претпријатија на ЈП за ПУП односно на Јавниот градски превоз за гориво се предвидени 4.800.000,00 денари и 9.600.000,00 денари за бесплатен превоз на пензионери со минимални пензии распоредени на дванаесет месечни рати.
Доколку се јави потреба од зголемување или намалување на обемот на работа во конкретните сфери, планот за субвенционирање може да се измени при изработката на ребалансот на буџетот на Општина Прилеп во ставката наменета за субвенционирање на Јавните претпријатија.

Развојот на ова одделение во склоп на ЈП за ПУП е многу ограничен поради финансиската криза која го нарушува целокупното работење на претпријатието и е во директна зависност од политиките на општината и Владата на Р.Македонија која би се однесувало на набавка на нови возила.
Доколку се остварат предвидувањата и се набават и тоа нови возила (нископодни автобуси) веднаш би се стартувале две нови градски линии кои се усвоени со Одлука на Советот на О.Прилеп и тоа првата Типски куќи, центар на градот, болница , Жито Прилеп и другата Населба Тризла, центар, Осн училиште Гоце Делчев..
Неисплатениот долг кон Аутомакедонија за набавката на метанските автобуси во износ од околу 11 000 000 денари, заедно со каматите е намален на 7 000 000 денари што е големо финансиско оптоварување на претпријатието.
Во текот на 2025 година профункционира електронскиот систем на наплата (активност предвидена во претходната година) и се укина плаќањето во готово со што во голема мера претпријатието доби поголеми финансиските резултати.

-Доколку имаме средства потребно е осовременување на автобуските постојки со монтирање на дисплеи (екрани) за нагледност на патниците за возниот ред, времето на пристигнување и заминување на автобусите и други услуги.
Средствата за реализација на овие програмски задачи ќе се бараат од буџетот на Општина Прилеп, со апликации до разни фондови, владини проекти, проекти со невладини организации, проекти за меѓугранични соработки и други извори на средства.

Планираните вкупни приходи за 2026 година изнесуваат 74.902.593,00 денари и се повисоки од приходите во 2025 година за околу 19%, пред се поради зголемувањето на обемот на работа во одделението паркинг услуги со воведување на нови простори за паркирање и корекција на тарифниот модел, зголемување на обемот на работа во одделението за пајак како и зголемување на приходот во одделението за јавен градски превоз.

РАСХОДИ

Планираните расходи за 2026 година изнесуваат **74.537.948,00** денари. Овој процент е земен имајќи го во предвид тековното работење во делот на јавниот градски превоз, одделението за паркинг услуги, одделението за пајак, одделението за проектирање како и ефектите на промена на цените на материјалите и услугите за наредната година.

Збирен преглед на трошоци

	ОПИС	2024		2025		2026	
		Износ (во денари)	Учество (во %)	Износ (во денари)	Учество (во %)	Износ (во денари)	Учество (во %)
1	ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ	1,643,748.00	2.37	2,589,353.00	3.56	2,710,643.61	3.64
2	ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ	43,406,502.00	62.55	47,689,216.00	65.61	49,712,077.74	66.69
3	АМОРТИЗАЦИЈА	6,467,373.00	9.32	6,818,488.00	9.38	6,954,857.76	9.33
4	ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ	15,820,185.00	22.80	14,977,692.00	20.61	14,860,369.09	19.94
5	ФИНАНСИСКИ РАХОДИ	2,058,428.00	2.97	606,649.00	0.83	300,000.00	0.40
	Вкупно	**69,396,236.00**	**100**	**72,681,398.00**	**100**	**74,537,948.20**	**100**

Подетално остварените трошоци се прикажани во следната табела:

	ОПИС	2024 Износ во денари	Учество во %	2025 Износ во денари	Учество во %	2026 Износ во денари	Учество во %
1	**ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ**	**1,643,748**	**2.37**	**2,589,353**	**3.56**	**2,710,644**	**3.64**
1.1	Канцелариски материјал	231,738.00	**0.33**	244,071	**0.34**	256,275	**0.34**
1.2	Потрошени грепки	50,914.00	**0.07**	37,453	**0.05**	39,326	**0.05**
1.3	Картички за јавен градски превоз	0.00	**0.00**	272,568	**0.38**	278,019	
1.4	Потрошен помошен материјал(масла и мазива)	275,460.00	**0.40**	308,102	**0.42**	323,507	**0.43**
1.5	Потрошени материјали (мат. за техн. одд. боја, с-ва за чистење и одржување)	41,218.00	**0.06**	71,269	**0.10**	74,832	**0.10**
1.6	Трошоци за резервни делови и мат.за одржув.	967,603.00	**1.39**	1,594,786	**2.19**	1,674,525	**2.25**
1.7	Трошоци за ситен инвентар амбал.и автогуми	76,815.00	**0.11**	61,104	**0.08**	64,159	**0.09**
2	**ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ**	**43,406,502**	**62.55**	**47,689,216**	**65.61**	**49,712,078**	**66.69**
2.1	Плати и надоместоци на плати-бруто	39,291,500.00	**56.62**	43,031,465	**59.21**	45,600,000	**61.18**
2.2	Трошоци на вработени (членарини, овластувања и лиценци за работа)	54,628.00	**0.08**	53,851	**0.07**	54,928	**0.07**
2.3	Трошоци на вработени (стручно образование и обуки)	53,512.00	**0.08**	89,136	**0.12**	90,919	**0.12**
2.4	Останати т-ци на вработени (систематски преглед)	72,600.00	**0.10**	43,800	**0.06**	72,600	**0.10**
2.5	Останати транспортни трошоци - патарини	92,784.00	**0.13**	61,923	**0.09**	65,019	**0.09**
2.6	Трошоци за заштита при работа	6,455.00	**0.01**	14,600	**0.02**	15,330	**0.02**
2.7	Надомест за стручно мислење - БЈН	0.00	**0.00**	0	**0.00**	0	**0.00**
2.8	Регрес за годшен одмор	1,224,497.00	**1.76**	1,374,182	**1.89**	1,442,891	**1.94**
2.9	Персонален данок за регрес за годишен одмор	136,055.00	**0.20**	7,898	**0.01**	8,293	**0.01**
2.10	Отпремнина за одење во пензија	125,319.00	**0.18**	271,585	**0.37**		**0.00**
2.11	Физичко обезбедување на паркинг оператори	16,500.00	**0.02**	12,270	**0.02**	12,884	**0.02**
2.12	Јубилејни награди за вработени	273,654.00	**0.39**	491,159	**0.68**		**0.00**
2.13	Новогодишен надоместок	2,058,998.00	**2.97**	2,237,347	**3.08**	2,349,214	**3.15**
3	**АМОРТИЗАЦИЈА**	**6,467,373**	**9.32**	**6,818,488**	**9.38**	**6,954,858**	**9.33**
3.1	**Амортизација**	6,467,373.00	**9.32**	6,818,488	**9.38**	6,954,858	**9.33**
4	**ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ**	**15,820,185**	**22.80**	**14,977,692**	**20.61**	**14,860,369**	**19.94**
4.1	Трошоци за електрична енергија	255,712.00	**0.37**	227,718	**0.31**	239,104	**0.32**

4.2	Комунална такса за електрична енергија	29,808.00	**0.04**	24,656	**0.03**	25,889	**0.03**
4.3	Трошоци за плин	11,294.00	**0.02**	8,475	**0.01**	8,899	**0.01**
4.4	Потрошено гориво за автобуси, пајак и воз	4,750,742.00	**6.85**	5,348,415	**7.36**	5,455,383	**7.32**
4.5	Потрошено гориво за патнички возила	215,955.00	**0.31**	178,800	**0.25**	182,376	**0.24**
4.6	Транспортни услуги	48,430.00	**0.07**	103,680	**0.14**	108,864	**0.15**
4.7	Поштенски услуги	61,653.00	**0.09**	51,677	**0.07**	54,261	**0.07**
4.8	Телефонски услуги и интернет	329,824.00	**0.48**	440,633	**0.61**	462,665	**0.62**
4.9	Надворешни услуги - изработка на проект - фаза водовод и канализација и др.	606,857.00	**0.87**	684,842	**0.94**	30,000	**0.04**
4.10	Услуги за тековно одржување	132,236.00	**0.19**	308,616	**0.42**	300,000	**0.40**
4.11	Наем - терминал	355,932.00	**0.51**	233,727	**0.32**	233,000	**0.31**
4.12	Наем на деловен простор (од физичко лице)	36,000.00	**0.05**	308,000	**0.42**	336,000	**0.45**
4.13	П.Д. од наем на деловен простор	0.00	**0.00**	32,170	**0.04**	33,230	**0.04**
4.14	Наем на возила	0.00	**0.00**	0	**0.00**	0	**0.00**
4.15	Комунални услуги	152,800.00	**0.22**	114,086	**0.16**	0	**0.00**
4.16	Трош.за реклама пропаганда,промоција и огласи	189,365.00	**0.27**	126,722	**0.17**	129,256	**0.17**
4.17	Трошоци за регистрација	157,216.00	**0.23**	161,403	**0.22**	169,473	**0.23**
4.18	Т-ци за софтвер, веб страни и сметководствен програм (одржување)	237,632.00	**0.34**	81,629	**0.11**	85,710	**0.11**
4.19	Трошоци за одржување на систем за смс пораки	48,000.00	**0.07**	779,163	**1.07**	320,000	**0.43**
4.20	Трошоци за спонзорства и донации	57,000.00	**0.08**	6,667	**0.01**	7,000	**0.01**
4.21	Трошоци за репрезентација	186,220.00	**0.27**	145,110	**0.20**	20,000	**0.03**
4.22	Трошоци за осигурување	191,906.00	**0.28**	143,239	**0.20**	150,401	**0.20**
4.23	Банкарски услуги и трош.за платен промет	76,918.00	**0.11**	76,692	**0.11**	80,527	**0.11**
4.24	Плати за вработени преку агенција за привремени вработувања	5,772,221.00	**8.32**	3,696,755	**5.09**	4,800,000	**6.44**
4.25	Интелектуални услуги од агенција за привремени вработувања (провизија)	411,400.00	**0.59**	258,771	**0.36**	432,000	**0.58**
4.26	Трошоци за извршени услуги (по јавна набавка) и останати услуги	290,492.00	**0.42**	399,169	**0.55**	300,000	**0.40**
4.27	Персонален данок за трошоци за извршени услуги (по јавна набавка) и останати услуги	32,247.00	**0.05**	35,575	**0.05**	37,354	**0.05**
4.28	Трошоци за надом. и др.примања на чл. на У.О. и Н.О.	37,600.00	**0.05**	42,400	**0.06**	44,520	**0.06**
4.29	Персонален данок за членови на У.О. и Н.О.	4,183.00	**0.01**	4,717	**0.01**	4,953	**0.01**

4.30	Трошоци за посредничка провизија	299,566.00	**0.43**	284,314	**0.39**	298,530	**0.40**
4.31	Т-ци за претплата во весници и списанија	64,088.00	**0.09**	10,452	**0.01**	10,975	**0.01**
4.32	Вред.услогл.на краткорочни побарувања - отпис на побарувања	31,560.00	**0.05**	0	**0.00**	0	**0.00**
4.33	Казни пенали на надомес.за штети и др.	0.00	**0.00**	0	**0.00**	0	**0.00**
4.34	Останати трош.од работењето(рдт,адм.такси, документи од ц.р. на Р.М., работна рака и др.т-ци)	745,328.00	**1.07**	659,419	**0.91**	500,000	**0.67**
4.35	Останати расх. од работ.(трош.од мин.год.)	0.00	**0.00**	0	**0.00**	**0**	**0.00**
5	**ФИНАНСИСКИ РАХОДИ**	**2,058,428**	**2.97**	**606,649**	**0.83**	**300,000**	0.40
5.1	Остан.фин.расходи(кам.за неплат.јав.дав.и др.)	2,058,428.00	**2.97**	606,649	**0.83**	300,000	0.40
6	**ВКУПНО РАСХОДИ**	**69,396,236**	**100**	**72,681,398**	**100**	**74,537,948**	**100**

Доколку се направи споредба на финансискиот резултат во 2025 година во однос на финансискиот резултат во 2024 година можи да се забележи зголемување на приходите и расходите во 2025 година.

Во 2025 година ЈП за ПУП Прилеп го зголеми обемот на работа во одделението за паркинг услуги, одделението за пајак служба како и одделението за јавен градски превоз. Во 2026 година се очекува зголемување на приходот во делот на субвенционирање на лица пензионери приматели на минимална пензија во текот на целата година, зголемување на обемот на работа на сите одделенија и подобрување на наплатата на финансиски средства.

Со оглед на фактот дека јавното претпријатие има доспеани обврски во износ од 18.000.000 денари, зголемени трошоци за плати и нередовна наплата на побарувањата, доколку во 2026 година не се преземат соодветни мерки и не се обезбеди финансиска помош од Основачот, а притоа продолжи и зголемувањето на обврските за тековно работење, истото нема да биде во можност да го издржи овој финансиски товар, што ќе доведе до очекуван финансиски колапс на претпријатието.

Резултати од работењето

	ОПИС	**2024**	**2025**	**2026**
		2024	**2025**	**2026**
	ОПИС	**Износ (во денари)**	**Износ (во денари)**	**Износ (во денари)**
	Остварени приходи	60,973,552.00	63,147,825.00	74,902,593
	Остварени расходи	69,396,236.00	72,681,398.00	74,537,948
	Остварен финансиски резултат	**-8,422,684.00**	**-9,533,573.00**	**364,645**

Според прикажаната динамика на приходите и расходите, а земајќи ги во предвид тековните активности, за 2026 година се очекува зголемување на обемот на работа на јавното претпријатие. Од планираните активности ЈП за ПУП за 2026 година се очекува да ги зголеми приходите како и расходите.

Доколку се остварат вака планираните финансиски показатели се очекува да се оствари позитивен финансиски резултат во износ од **364.645,00** денари.

Остварувањето на овој финансиски план ќе зависи од тоа како во иднина ќе се остварува работењето на градскиот сообраќај, работењето на паркингот, работењето на пајак службата, одделението за проектирање, урбанистичко планирање и ГИС, добиените субвенции од Општина Прилеп како и општите економски услови на стопанисување во градот и државата.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. Прилепски бранители бр. 1
7500 Прилеп
Тел. 048/401-725

Планирани инвестиции за 2026 год.

Следната година ЈП за ПУП планира да ја развива веќе воспоставената дејност од архитектонски, други стручни дејности ,паркинг услуги како и развој на јавниот градски превоз, да вложува во нивно усовршување, со износи кои се во размер на финансиското работење на претпријатието. Во центарот на вниманието оваа година ќе биде зацврстување и развој на сите дејности во јавното претпријатие.

Планираните инвестиции за 2026 година се однесуваат на:

- Подобрување на работата и функционирањето во сите сегменти на јавното претпријатие;
- Стручно усовршување на целокупниот кадар на ЈП преку посета на обуки и семинари;

.Директор на
ЈП за ПУП – Прилеп
Бранко Нешкоски

Претседател на УО на
ЈП за ПУП - Прилеп
Слободан Ѓоргоски